ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Службен весник на Р. Македонија бр.89/08 од 18.07.2008 година

Член 1

Во Законот за вршење на земјоделска дејност („Службен весник на Република Македонија" број 11/2002), Во Главата IV насловот се менува и гласи: "ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ".

Член 2

Во членот 48 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот 2 зборовите: "ќе се казни за прекршок од 5.000 до 10.000 денари и" се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече глоба од 600 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршокот и на".

Член 3

Во членот 49 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот 2 зборовите: "парична казна" се заменуваат со зборовите: "изречената глоба", а зборовите: "мерка за безбедност" се заменуваат со зборовите: "прекршочна санкција привремена".

Во ставот 3 зборовите: "парична казна" се заменуваат со зборовите: "изречената глоба", а зборовите: "заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: "прекршочна санкција привремена".

Член 4

Во членот 50 зборовите: "Со парична казна од 8.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Член 5

По членот 50 се додава нов член 50-а, кој гласи:

"Член 50-а

1) Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

2) Пред поднесувањето на барањето за прекршочна постапка за прекршоци предвидено во овој закон, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води постапка за порамнување, согласно Законот за прекршоци.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".